# Водич за новинари

Практичен водич за тоа како да се пишува за трансродовите луѓе или за прашањата кои ги засегаат, на коректен начин и со почит

Transgender Europe
Kiefholzstr, 2
12435 Berlin
Germany
www.tgeu.org

Автор | Mina Tolu
Превод од англиски: Игор Раиден
Дата | Јуни 2019
Издавач | Коалиција Маргини
Печати | Дата Понс
Дизајн | Горан Костовски: www.indog.info
Голема благодарност до | Noah Keuzenkamp, Luisa Tolu, Julia Ehrt, Kristina Josic, Zagreb Pride, LGL – Национална организација за ЛГБТ права од Литванија, TENI – Мрежа за еднаквост на трансродовите луѓе од Ирска, и Меѓународната организација Интерсекс Европа (OII-Europe)

Copyleft | Transgender Europe

# Содржина

Вовед 4

Употреба на водичот 5

**Глава 1:** Поимник 6
Клучни поими 7
Други поими 8

**Глава 2:** Клучни теми 10
Клучна тема: Правно признавање на родот 11
Клучна тема: Депатологизација и здравствена заштита 17
Клучна тема: Трансфобични злосторства од омраза и дискриминација 17

**Џебен водич** 13–15

**Глава 3:** Во практиката 19
Имиња, род на обраќање и јазик 21
Наслови 22
Илустрирање на приказната 23

Проверка на податоците и фактите 24

**Завршни белешки** 25

# Вовед

Водичот за новинари од Transgender Europe дава практични насоки за тоа како да се пишува за трансродовите луѓе или за прашањата кои ги засегаат, на коректен начин и со почит.

Целта на овој водич е да биде главен извор за новинарите кои сакаат да пишуваат за транс луѓето на јасен и разбирлив начин. За жал, јазикот кој се користи за овие прашања често може да изгледа сложен и тежок за разбирање. Ова ги тера новинарите да користат поедноставувања, сензационалистички аргументи и стереотипи, со кои често се дехуманизираат лицата за кои се пишува. Веќе со години, приказните и прилозите за транс луѓето во медиумите се фокусираат на медицинските детали околу транзицијата и хируршките интервенции. Иако некои медиуми започнаа да прават измени, сепак ова останува норма која треба да се надмине.

Овој водич собира на едно место повеќе примери од други водичи за медиуми и за новинари. Водичите на GLAAD[1], Transgender Equality Network Ireland[2], TransInterQueer e.V[3], Trans Media Watch[4] и Transgender Network Switzerland[5] беа особено корисни и инспиративни.

# Употреба на водичот

## Глава 1: Поимник

Поимникот дава отворена листа на зборови кои најчесто се користат во медиумските прилози или говорењето за транс лицата.

## Глава 2: Клучни теми

Клучните теми даваат краток осврт на некои од клучните прашања за транс луѓето и разгледуваат како тие можат да бидат опфатени од страна на новинарите.

## Глава 3: Во практиката

Поимникот дава отворена листа на зборови кои најчесто се користат во медиумските прилози или говорењето за транс лицата.

Исто така, резимираните содржини од секој дел се вклучени во посебен дел на средината на публикацијата, кој може да се извади и да се користи како џебен водич од кој може брзо да се добијат информации (стр. 11–14).

# Глава 1
# Поимник

Следната терминологија може да се користи кога се пишува за приказните на транс лицата. Едно општо правило е дека треба да се почитуваат желбите на поединецот за кого се пишува и дека треба да им се даде приоритет. Доколку не знаете како да ѝ се обратите на некоја личност, прашајте ја.

Оваа листа не е конечен список на поимите кои се користат во трансродовата заедница. Можете да го погледнете онлајн-поимникот на **www.tgeu.org/glossary.**

# Клучни поими

**Род** е поим кој се однесува на социјалниот и културниот конструкт на тоа да се биде маж или жена. Меѓутоа, некои луѓе не се идентификуваат во рамките на бинарниот машко-женски систем. Родот постои независно од полот, така што родот на поединецот не одговара секогаш на полот кој му е назначен при раѓањето. (Погледнете: Родов идентитет,[6] Пол.)

**Родов идентитет** е внатрешното чувство на поединецот во однос на неговиот род. За транс лицата, нивниот внатрешен родов идентитет не соодветствува на полот кој им е припишан при раѓањето. Повеќето луѓе имаат родов идентитет на маж или жена (или момче или девојче), но некои лица не можат сопствениот идентитет да го вклопат во овие две опции. За разлика од родовото изразување, родовиот идентитет не е видлив за другите луѓе. (Погледнете: Родово изразување, Трансродови, Родово квир.)

**Пол** е класификација на луѓето на машки и женски. При раѓањето, на бебињата им се означува полот, обично врз основа на изгледот на нивната надворешна анатомија. Меѓутоа, полот на лицето, како што го дефинира биологијата, е комбинација од телесни карактеристики, која ги вклучува: хромозомите, хормоните, внатрешните и надворешните репродуктивни органи и секундарните полови карактеристики. Бебињата чиј пол не може да се класифицира ниту како машки ниту како женски, се класифицираат како интерсексуални, меѓутоа тие можат да се идентификуваат како интерсекс лица, машки, женски, транс лица, или да имаат сосема друг идентитет.[6] (Погледнете: Интерсекс.)

**Трансродови или транс** претставува сеопфатен термин кој ги вклучува сите лица чијшто родов идентитет не се совпаѓа со полот кој им е запишан при раѓањето, како и оние кои сакаат да го прикажат својот родов идентитет на начин различен од полот кој им е припишан при раѓањето. Трансродови луѓе се оние луѓе кои чувствуваат дека мораат или пак преферираат, дали преку говор, облека, додатоци, козметика или физички промени, да се претставаат себеси различно од очекувањата за родовата улога која им била назначена при раѓањето. Ова ги вклучува, помеѓу многуте други, транссексуалните и трансродовите лица, трансвеститите, кросдресерите, безродовите, мултиродовите лица, родово квир лицата, интерсекс лицата и родово варијантните лица кои се поврзуваат или идентификуваат на кој било начин од горенаведените.[7]

**Белешка: Секогаш користете ги описните термини кои ги преферира поединецот. Транс идентитетот не зависи од медицинските процедури.**

# Други поими

**Цисродови или цис** е термин кој се користи за лицата кои не се транс. Се користи на истиот начин на кој хетеросексуални се користи за лица кои не се хомосексуални.[8]

**Депатологизацијата** на транс идентитетите значи дека тоа што некој е транс веќе нема да се гледа или карактеризира како психолошка абнормалност. Во моментов транс идентитетите се наведени помеѓу менталните растројства во Меѓународната класификација на болести на Светската здравствена организација (МКБ на СЗО).[27]
Родовото изразување е надворешното претставување на родот, искажано преку името, родот на обраќање, облеката, фризурата, однесувањето, гласот или телесните карактеристики. Општеството ги идентификува овие аспекти како мажествени или женствени, иако она што се смета за едното или другото се менува со текот на времето и варира меѓу различните култури.[6]

**Родово квир или родово флуидни или небинарни лица** се оние лица кои не се идентификуваат во рамките на бинарниот машко-женски систем, туку некаде надвор од него или помеѓу овие две опции. Некои родово квир лица користат неутрални заменки[8] (во англискиот јазик тоа се „they/them“, додека во македонскиот јазик сè уште немаме соодветни форми[25]). (Погледнете: Пол.)

**Правно признавање на родот** е официјална процедура за промена на името и ознаката за пол во матичните книги и документи како што е изводот од матичната книга на родените, личната карта, пасошот и возачката дозвола. Во некои земји е невозможно да се признае родот на транс лицата на овој начин. Во други земји, пак, процедурата честопати е долга, тешка и понижувачка. (Погледнете: Глава 2. Клучна тема:  Правно признавање на родот.)
Сексуалната ориентација е физичка, романтична и/или емоционална привлечност на едно лице кон друго лице. Родовиот идентитет и сексуалната ориентација не се едно исто. На пример, транс лицата можат да бидат хетеросексуални, лезбијки, геј мажи или бисексуалци.[6]

**Транссексуалец** е постар термин кој потекнува од медицинската заедница и круговите на психолозите. Овој поим сè уште го преферираат некои лица кои трајно ги измениле – или имаат намера да ги изменат – своите тела по пат на медицински интервенции (кои вклучуваат, но не се ограничени на хормони и/или хируршки процедури). За разлика од трансродовите (транс) лица, „транссексуалец“ не е сеопфатен термин. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.

Доколку се согласува, можете да употребите и придавка: транссексуална жена или транссексуален маж.[6]

**Трансродов маж или транс маж** се поими кои можат да ги користат лица на кои при раѓањето им е припишан женски пол, меѓутоа се идентификуваат како мажи и живеат како мажи. Некои од нив преферираат едноставно да бидат нарекувани мажи, без дополнителни објаснувања. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.[6]

**Трансродова жена или транс жена** се поими кои можат да ги користат лица на кои при раѓањето им е припишан машки пол, меѓутоа се идентификуваат како жени и живеат како жени. Некои од нив преферираат едноставно да бидат нарекувани жени, без дополнителни објаснувања. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.[6]

**Транзицијата** ги вклучува сите долунаведени лични, медицински и правни чекори или само некои од нив: кажување на семејството, пријателите и колегите; употреба на различно име и нов род на обраќање; различна облека; промена на името и/или ознаката за пол во документите; хормонска терапија; и можеби (иако не секогаш) еден или повеќе видови хируршки интервенции. Чекорите во транзицијата варираат од индивидуа до индивидуа.[6]

**Трансфобијата** е матрица на културни и лични убедувања, мислења, ставови и агресивно однесување засновано врз предрасуди, гадење, страв и/или омраза насочена кон поединци или групи кои не се конформираат, или ги надминуваат општествените очекувања и норми во однос на родот и полот. Трансфобијата особено влијае врз поединците чиј родов идентитет или изразување се разликува од полот што им е припишан при раѓањето, и се изразува на различни начини, како на пример, со физичко насилство, трансфобичен говор и навреди, дискриминирачки медиумски прилози и социјално исклучување.

Трансфобијата, исто така, вклучува и институционализирани форми на дискриминација, како што се криминализација, патологизација или стигматизација на неконформирачките родови идентитети и изразувања.[7]

Глава 2

# Клучни теми

Целта на овој дел е накратко да ги објасни најзастапените теми кои се важни за транс луѓето, и да даде совети за тоа како новинарите би можеле да ги вклучат во своите написи. Иако овој дел се фокусира само на Правно признавање на родот, Депатологизација и здравствена заштита, како и Трансфобични злосторства од омраза и дискриминација, постојат и многу други приказни кои новинарите можат да ги опфатат или веќе ги опфаќаат. Тие вклучуваат профили на транс лица со различно потекло, позитивно признание од поддржувачите, како и цела палета приказни кои сведочат за разнолико, силно и креативно транс движење.

Се разбира, приказните за транс луѓето во медиумите понекогаш не успеваат да ги прикажат реалните животи на транс транслицата. Тие, како и другите луѓе, можат да бидат активисти, архитекти, спортисти, бисексуалци, да имаат сопствен бизнис, деца, да имаат попреченост, да бидат лезбијки, менаџери, мигранти, родители, од различни раси, истражувачи, сексуални работници, научници, хетеросексуалци и друго. Меѓутоа, континуираната преокупација на медиумите со хируршките интервенции и медицинските процедури ги објективизира и дехуманизира транс луѓето. Со истакнување на само една област од животот на транс луѓето, новинарите ја сведуваат нивната реалност на таа една приказна и ги зацврстуваат стереотипите, меѓу кои е и стереотипот дека за некој да се идентификува како транс е потребна операција.

Клучна тема:

# Правно признавање на родот

## Вовед

Многу транс луѓе се соочуваат со проблеми во секојдневниот живот затоа што ознаката за пол во нивната лична карта не одговара на нивниот родов идентитет. Ова создава голем број проблеми, кои можат да се појават и при подигање на поштенска пратка, аплицирање за работно место, качување во авион или поднесување жалба за вознемирување.
Овие проблеми не се само административни, туку можат да станат извор на континуирано малтретирање, неосновано сомневање, како и насилство.

## Ситуацијата во Европа

Во моментов (декември 2015 г.) само 36 држави во Европа овозможуваат правно признавање на родот.[10]
Предусловите бараат од поединецот да се откаже од одредени човекови права за да добие други; на пример, правото за основање семејство или правото на брак мора да се менува за да се добие заштита на приватниот живот. Дваесет европски земји бараат од транс лицата да извршат стерилизација пред нивниот родов идентитет да се признае. Другите услови можат да вклучуваат дијагноза за ментално нарушување, медицински третман, инвазивни операции, процена на времето поминато живеејќи согласно родовиот идентитет, како и тоа транс лицето да не биде во брак или граѓанско партнерство.[11]

# Клучни поими

• Какво е правното признавање на родот во вашата земја во споредба со другите земји од регионот?

• Дали постојат намери да се промени процедурата за правно признавање на родот во блиска иднина? Доколку не постојат, кои се причините за тоа?

• Кои се активистите и/или организациите кои лобираат за законските измени? Зошто ги бараат овие измени?

• Кои се активистите и/или организациите кои успешно лобирале за правни промени? Кои се нивните следни предизвици?
• Зошто е важно за транс заедницата да биде достапно правното признавање на родот?

• Кои земји ги имаат подобрено своите закони, и како ова ја подобрило ситуацијата на транс заедницата?

• Како недостигот од транспарентна и пристапна постапка за правно признавање на родот влијае врз секојдневјето на транс луѓето? Како измените во процедурата влијаеле врз секојдневјето на транс луѓето?

## За повеќе информации погледнете:

• Алатки поврзани со правно признавање на родот во Европа – Legal Gender Recognition in Europe Toolkit (TGEU, 2013) **http://www.t-geu.org/sites/default/files/Toolkit_web.pdf**

• Работата на Transgender Europe во однос на правното признавање на родот **http://tgeu.org/issues/ legal-gender-recognition/**

• „34 европски земји прават овој кошмар да биде реалност“ – “34 Countries in Europe Make This Nightmare a Reality” (TGEU, 2015) **http://t-geu.org/nightmare/**

# Род

Родот е социјален и културен конструкт на тоа да се биде маж, жена или да се припаѓа на друг род. Родот на поединецот не одговара секогаш на полот назначен при раѓањето.

## Правно признавање на родот

Правно признавање на родот е официјална процедура за промена на името и ознаката за пол во матичните книги и документи, какви што се изводот од матичната книга на родените, личната карта, пасошот и возачката дозвола.

## Трансродови или транс

Трансродови или транс претставува сеопфатен термин кој ги вклучува сите лица кои имаат родов идентитет различен од полот кој им е назначен при раѓањето, како и оние кои сакаат да го прикажат својот родов идентитет на начин различен од полот кој им е припишан при раѓањето.

## Трансфобија

Трансфобијата е матрица на културни и лични убедувања, мислења, ставови и агресивно однесување засновано врз предрасуди, гадење, страв и/или омраза насочена кон поединци или групи кои не се конформираат, или ги надминуваат општествените очекувања и норми во однос на родот и полот.

# Насоки за стилот

## Род на обраќање

Почитувајте ги желбите на поединецот во однос на неговото претставување и прашајте го во кој род да му се обраќате. Доколку не можете да прашате, пишувајте во родот кој е најблиску до начинот на кој личноста се прикажува (изгледот), или барајте точни информации од други извори. Имајте на ум дека некои транс луѓе можеби не ги користат машките или женските форми; наместо нив користат неутрални или други заменки и форми.[25]

## Имиња

Никогаш не откривајте го или не употребувајте го името дадено на транс лицето при раѓањето, освен ако имате експлицитна согласност лично од него. Не е важно дали транс лицето го има променето името во документите или не; употребата на одбраното име значи почит кон приватноста на транс лицето и кон него како индивидуа.

## Навредлив јазик

Некои зборови или изрази никогаш не треба да се користат кога пишувате за транс лица, и се сметаат за навредливи или погрдни

## Термини кои треба да се избегнуваат:

- Транџа
- Тој/таа (наместо само преферираната заменка на поединецот)
- Постоперативен/предоперативен
- Промена на пол
- Лажлив/измамнички
- Станала маж/станал жена
- Заробен/а во погрешно тело
- Роден како маж/родена како жена
- Роден/а како (претходно име)
- Се преправа/претвора.

# Наслови

Често е потребно да се заштеди простор и да се поедностават натписите, но еден наслов може да ја уништи приказната. Вестите на Интернет оставаат простор за подолги наслови. Треба да се избегнуваат сензационалистичките наслови кои содржат изрази какви што се „промена на пол“, „роден како машко“, „станала маж“.

## Приказни

- Не поставувајте прашања за процесот на медицинска транзиција
- Не користете јазик кој е застарен или дехуманизирачки
- Не фокусирајте се само на транс идентитетот на поединецот, туку дознајте што го води напред во животот, што го тера да сака, да се бори и да плаче
- Не користете го наративот на каминг аут, кој ги става приказните во рамката на „Бев маж, сега сум жена“.

# Илустрирање на приказната

При избирањето слики кои би ги вклучиле во приказната, избегнувајте:

- Фотографии од транс лицето „пред и потоа“
- Клише-фотографии кои се фокусираат на тоа како транс жена се шминка, или транс маж се бричи
- Фотографии од познати транс лица, или филмски лик, освен ако статијата се однесува на нив.

## Земете предвид:

- Фотографии од активисти на марш за правата на транс лицата
- Знамето на транс заедницата
- Портрет на самото транс лице за кое пишувате.

Клучна тема:

# Правно признавање на родот

**Многу транс луѓе се соочуваат проблеми во секојдневниот живот затоа што ознаката за пол во нивната лична карта не одговара на нивниот родов идентитет.**

## Новинарите би можеле да прашаат:

• Зошто е важно за транс заедницата да биде достапно правното признавање на родот?

## Депатологизација и здравствена заштита

Да се биде транс не е болест, меѓутоа некои медицински водичи и професионалци сѐ уште сметаат дека се работи за ментално нарушување.

## Новинарите би можеле да прашаат:

• Зошто да се биде транс сѐ уште се смета за ментално нарушување?

## Трансфобични злосторства од омраза и дискриминација

Дискриминацијата и злосторствата од омраза имаат силно влијание не само врз жртвата туку и врз целата група или заедница. Транс лицата сѐ уште се значително дискриминирани во сите аспекти на животот. Од 2008 до 2015 година во светот се забележани над 1.933 убиства на транс лица.[28]

## Новинарите би можеле да прашаат:

• Како злосторствата од омраза и дискриминацијата влијаат врз транс заедницата?

• Какви закони и политики постојат за заштита на транс лицата од злосторства од омраза и дискриминација? Дали се применуваат?

## Клучна тема:

# Депатологизација и здравствена заштита

## Вовед

Кога пишувате за здравјето на транс лицата, не треба да се ограничувате само на пишување за хируршките интервенции, затоа што има многу прашања кои ги засегаат транс лицата во обидот да добијат здравствени услуги. Еден од главните проблеми е што да се биде транс се смета за ментално нарушување од страна на Светската здравствена организација, која ја тргна хомосексуалноста од листата на ментални болести пред 25 години.

Транс лицата се соочуваат и со дискриминација при обидот да добијат здравствени услуги. Тие можат и да не отидат на лекар поради страв од дискриминација, поради тоа што немаат здравствено осигурување или финансиски средства и/или можеби не знаат каде да се обратат. Некои транс луѓе можеби сакаат да добијат здравствени услуги карактеристични за транс луѓето, вклучително и хормонска терапија, хируршки интервенции, психолошка поддршка или други медицински услуги.

## Што да земете предвид кога пишувате за депатологизација и здравствена заштита

- Кои се пречките со кои се соочуваат транс луѓето кои се обидуваат да добијат општи здравствени услуги?
- Кои се стандардите за здравствени услуги карактеристични за транс луѓето во вашата земја? Дали се пристапни?
- Кои се ефектите од тоа што транс идентитетите се наведени на листата ментални нарушувања?
- Кои земји ја игнорираат Меѓународната класификација на болести на Светската здравствена организација кога овозможуваат правно признавање на родот?

**За повеќе информации погледнете:**

- Работата на Transgender Europe во однос на здравствената заштита и депатологизацијата http://tgeu.org/ issues/health_and_depathologisation/
- Меѓународен ден на акција за депатологизација на транс идентитетите http://stp2012.info/old/en

## Клучна тема:

# Трансфобични злосторства од омраза и дискриминација

## Вовед

Трансфобично злосторство од омраза е кривично дело или инцидент во кој сторителот е мотивиран од предрасуди, непријателски став или омраза кон лица кои не се конформираат, или ги надминуваат општествените очекувања и норми во однос на родот и полот. Поединците чиј родов идентитет или изразување се разликува од полот припишан при раѓањето, се особено изложени на злосторства од омраза.

Транс лицата во многу делови на светот веќе долго време се жртви на сериозно и константно насилство базирано врз родот, што вклучува тепање, осакатување, силување, убиства и други форми на малтретирање и непочитување. Во периодот 2008 – 2015 се документирани над 1.933 убиства на родово варијатни/транс лица во 62 држави, од кои 90 убиства се во 13 европски земји.[12, 28]

Транс лицата сè уште се значително дискриминирани во сите аспекти на животот, на пример, во образованието, вработувањето, јавниот превоз или пристапот до добра и услуги. Дискриминацијата и злосторствата од омраза имаат силно влијание не само врз жртвата туку и врз целата група или заедница.

## Ситуацијата во Европа

Општо земено, дискриминацијата и малтретирањето поради тоа што некое лице е транс секако влијае врз квалитетот на неговиот живот. Анкетата за ЛГБТ прашања во ЕУ[13] на Агенцијата за фундаментални права, спроведена во 2014 година, покажа дека „половина од анкетираните транс лица избегнуваат локации, особено јавен превоз, поради страв од напад, закани или вознемирување“. Иако дискриминацијата е присутна во сите области, сепак значително е изразена при вработувањето, каде што 37 % од лицата се чувствувале дискриминирани поради тоа што се транс во обидот да добијат работно место.
Иако половина од транс лицата се напаѓани или се цел на насилство, закани и навреди, сепак само помалку од четвртина од инцидентите мотивирани од омраза се пријавувани во полицијата или други организации.

# Што да земете предвид кога пишувате за злосторства од омраза и дискриминација на транс луѓето

• Дали постои правна заштита според која е незаконски да се дискриминира лице поради неговиот родов идентитет или родово изразување во вашата земја?
• Како експлицитната заштита на транс луѓето влијае врз нивното секојдневје?
• Дали има нерасчистени случаи на дискриминација во образованието, при вработување, во пристапот до добра и услуги?
• Дали систематското евидентирање на дискриминацијата помогнало да се подобри ситуацијата на транс лицата?
• Дали полицијата и локалната самоуправа имаат свои начини на пријавување злосторства од омраза?
• Какво влијание имаат злосторствата од омраза врз транс луѓето?

**За повеќе информации погледнете:**

• Transrespect versus Transphobia Worldwide, Trans Murder Monitoring http://transrespect.org/en/research/ trans-murder-monitoring/

• Работата на Transgender Europe во однос на дискриминацијата http://tgeu.org/issues/discrimination/

• Водичи на Transgender Europe низ европското право http://tgeu.org/tgeu-guides-eu-law/

• ProTrans „Проект за заштита на транс луѓето од насилство“ http://t-geu.org/pro-trans/

• Транс раскрсница – Алатки поврзани со законите во ЕУ за вработување и националните закони за признавање на родот http://tgeu.org/trans-peoples-euemployment-rights-gender-recognitionlaws/

# Глава 3 Во практиката

Откако списанието „Тајм“ ја објави приказната насловена "The Transgender Tipping Point" со транс актерката и активистката Лаверна Кокс (Laverne Cox), развивачот на апликации Teagan Widmer) и средношколецот Астон Ли (Aston Lee) во јуни 2014,[14] медиумското покривање и свесноста за транс прашањата влезе во нова ера. Некои водичи за уреднички стилови на весниците се изменија или ажурираа за да се вклучи соодветна референција на поимот „трансродови“, како и да се овозможи употребата на неутралните заменки „тие/нив“ (во оригинал на англиски) во прилозите. Се објавуваа потемелно обработени приказни за транс лицата и полека се подигаше свеста за транс прашањата.

Меѓутоа, сите наслови не се толку добри колку "The Transgender Tipping Point" и многу од нив сѐ уште зависат од сензационализмот. Употребата на коректниот род на обраќање сѐ уште е збунувачка за многумина, а во статиите со интервјуа сѐ уште има понекое инвазивно или стереотипно прашање.
Има многу нешта кои треба да се земат предвид кога се пишува за транс транслуѓето или прашањата што ги засегаат. Овој дел има цел да даде кратки совети и насоки за тоа како новинарите да престанат да ги прават овие грешки и како да се осигураат дека пишуваат и известуваат со почит.

## Генерално:

- Не поставувајте прашања за процесот на медицинска транзиција
- Не користете јазик кој е застарен или дехуманизирачки
- Не фокусирајте се само на транс идентитетот на поединецот, туку дознајте што го води напред во животот, што го тера да сака, да се бори и да плаче
- Не користете го наративот на каминг аут, кој ги става приказните во рамката на „Бев маж, сега сум жена“
- Користете го избраното име и преферираниот род на обраќање на транс лицето.

# Имиња, род на обраќање и јазик

Постои едноставно правило – да се почитуваат желбите на транс лицата во однос на нивното портретирање, да се праша кое име и род го користат и како да бидат прикажани во медиумите. Доколку не можете да прашате (на пример, кога пишувате за злосторства од омраза), пишувајте во родот кој е најблиску до начинот на кој личноста се прикажува (изгледот), или барајте точни информации од други извори. Во целост треба да се избегнуваат навредливи или погрдни зборови, како и неправилна употреба на зборовите. Никогаш не откривајте го или не употребувајте го името дадено на транс лицето при раѓањето, освен ако имате експлицитна согласност од самото транс лице. Многу цисродови луѓе веруваат дека вистинското име на транс лицата е она кое им е дадено при раѓањето, меѓутоа ова е проблематично од повеќе причини, како и поради фактот што на тој начин не се почитува приватноста на транс лицето.

Некои транс лица не ги користат вообичаените машки/женски заменски форми и можат да користат неутрални заменки (во англискиот јазик тоа се "they/them", додека во македонскиот јазик сè уште немаме соодветни форми[25]). Слично на тоа, некои транс луѓе не ги користат називите г., г-ѓа, г-ца, туку неутрални форми (во англискиот јазик тоа е формата Mx. која се изговара „микс“, но во македонскиот јазик сè уште нема усвоено еквивалент[26]). Доколку фактот дека лицето е транс не е релевантен за прилогот, и особено доколку лицето не сака да се открие неговиот транс идентитет, тоа треба да се почитува и идентитетот треба да остане неоткриен.

## Најдобра практика

Од ноември 2015 година „Вашингтон пост“ им дозволува на репортерите да ја користат заменката „тие“ (на англиски јазик[25]) во еднина, не само за да се избегнат вообичаените машки форми туку и „да се користи при посочување лица кои не се идентификуваат ниту како машки ниту како женски“. „Њујорк тајмс“ го користи неутралниот назив Mx[26] во една своја приказна.

## Избегнување заменки

„Беше предизвик да се пишува на тој начин [без заменки] без да биде чудно“.[16] Целосното избегнување заменки може да се чини примамливо, но тоа не е лесно решение. За новинарката Дашка Слејтер (Dashka Slater) од „Њујорк тајмс“ ова бил лингвистички предизвик, затоа што весникот не ги признава родово неутралните заменки, па таа морала да ја напише одново статијата која била напишана со неутрални заменки, но овој пат во целост да ја избегне употребата на заменки.

# Понижувачки или навредлив јазик и неправилна употреба[8]

## Никогаш не користете ги следниве термини кога пишувате за транс луѓе:

- Транџа
- Тој/таа (наместо само преферираната заменка на поединецот)
- Постоперативен/предоперативен
- Промена на пол
- Лажлив/измамнички
- Станала маж/станал жена
- Заробен/а во погрешно тело
- Роден како маж/родена како жена
- Роден/а како (претходно име)
- Се преправа/претвора.

**Прочитајте повеќе за проблематичните термини:**
http://www.glaad.org/reference/transgender

# Наслови

Често е потребно да се заштеди простор и да се поедноставaт натписите, но еден наслов може да ја уништи приказната. Вестите на Интернет оставаат простор за подолги наслови. Треба да се избегнуваат сензационалистичките наслови кои содржат изрази какви што се „промена на пол“, „роден како машко“, „станала маж“.

## Сензационалистички наслови:

- „Запознајте го парот кој остана заедно откако сопругот стана жена – а потоа повикаа трет љубовник да им се придружи“[17]
- „Чао за градите, ама си ги чувам женските делови за бебиња“[18]
- „Запознајте ја Кејтлин (претходно Брус) Џенер“[19]
- „Момче започнува со хормонска терапија на ДВАНАЕСЕТ години откако сфатило дека е заробено во женско тело на 18 МЕСЕЦИ“[20].

## Наслови кои се речиси успешни решенија:

- „Првиот транссексуалец кој е избран е уморен, но оптимист“[21].

## Наслови кои се успешни решенија:

- „Како е да се биде транс активист во најлибералната држава на светот“[22]
- „Транс ТВ: Од Transparent до Boy meets Girl и EastEnders, ова беше година во транзиција“[23]
- „Трансродовата жена која се бори за правото да го види својот син“[24].

# Илустрирање на приказната

Кога статијата е завршена и подготвена за објавување, останува предизвикот за илустрирање со слики или фотографии.

Една едноставна насока е дека често е непотребно да се покажуваат слики од транс лицето „пред и потоа“. Клише-фотографии кои даваат површни прикази на транс луѓето треба исто така да се избегнуваат. Такви слики се, на пример, фотографии на кои транс жени се дотеруваат, се шминкаат, крупни кадри од високи потпетици, како и лицето кое се гледа во огледало.

Исто така, избегнувајте слики од познати транс лица во статии кои не се однесуваат на нив. Воедно избегнувајте и слики од транс ликови во филмови, доколку статијата не се однесува на филмот.

Можат да се користат фотографии од транс активисти на марш за правата на транс лицата, или слика од знамето на транс заедницата.

# Проверка на податоците и фактите

Кога барате податоци со кои ќе се поткрепи приказната, има многу места од кои можете да почнете. Организациите за транс лица, за ЛГБТИК лица, за човекови права, како и организациите какви што се Советот на Европа и Агенцијата за фундаментални права на ЕУ, имаат објавено истражувања за транс луѓето. Исто така, не заборавајте да стапите во контакт со локалните организации.

• www.transrespect.org на TGEU нуди интерактивни мапи со сеопфатни податоци за правната, здравствената и социјалната ситуација на транс и родово варијантните луѓе низ светот. Содржи и податоци за пријавените убиства на транс луѓе од 2008 година.

• www.rainbow-europe.org на ILGA Europe нуди преглед на човековите права на ЛГБТИ лицата во Европа.

• Fra.europa.eu за компаративна анализа на податоците од ЛГБТ истражувањето во ЕУ со над 6.579 транс испитаници. http://fra.europa.eu/en/ publication/2015/being-trans-eucomparative-analysis-eu-lgbt- survey-data-summary

• Евробарометар за дискриминација во ЕУ во 2015 http://ec.europa.eu/COMMFrontOffice/PublicOpinion/index.cfm/Survey/ getSurveyDetail/instruments/SPECIAL/ surveyKy/2077

• Написи за транс деца и младинци, како и присилна стерилизација, напишано од Фондацијата Отворено општество https://www.opensocietyfoundations.org/reports/license-be-yourself

• Водич за заштита на човековите права на транс луѓето, напишан од Советот на Европа https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServicesDisplayDCTMContent?documentId= 0900001680492119

• Листа на организации членки на TGEU во Европа: www.tgeu.org/about

# Завршни белешки

1. GLAAD е организација која работи со медиумите за да се справи со проблемите и да даде форма на наративите кои водат кон културни промени во САД. Погледнете ја медиумската програма на GLAAD за транс лицата  www.glaad.org/transgender

2. Мрежата за еднаквост на транс лицата од Ирска (TENI) работи за подобрување на условите и унапредување на правата и еднаквоста на транс лицата и нивните семејства во Ирска. TENI е организација членка на Transgender Europe.  Погледнете: Водич за медиумски стилови на TENI www.teni.ie

3. TransInterQueer e.V. (TrIQ) е организација од Берлин која нуди едукација и подигање на свеста, како и настани за заедницата на транс, интерсекс и квир луѓето. TrIQ е организација членка на Transgender Europe. Погледнете: Нивниот прирачник „Транс во медиумиите – информации за новинари“ (достапен само на германски јазик) www.transinterqueer.org/unsere-publikationen

4. Trans Media Watch е организација која цели кон подобрување на медиумското покривање на прашањата за транс и интерсекс луѓето. Trans Media Watch е организација членка на Transgender Europe. Погледнете: Водичот за медиумски стилови, пристапи и други информации за медиумите на Trans Media Watch на www.transmedia-watch.org

5. Транс мрежа Швајцарија (TGNS) е швајцарска организација на транс лица која работи на подигање на свеста за транс прашањата и врши лобирање. TGNS е организација членка на Transgender Europe. Погледнете: „Водич за медиуми“ од TGNS (достапен само на германски јазик)
www.transgender-network.ch/medien/medienguide/

6. Дефинициите се приспособени од Водичот за медиуми – транс прашања на GLAAD, погледнете на: www.glaad.org/reference/transgender

7. Дефинициите се приспособени од истражувачкиот проект Transrespect versus Transphobia Worldwide. Погледнете: www.transrespect.org

8. Приспособено од Водичот за медиумски стилови на TENI http://www.teni.ie/attachments/03b3edc9-7f314c8c-af7d-202c3d8cb238.PDF

9. Дефиниција од Меѓународната организација Интерсекс Европа (OII-Europe) http://oiieurope.org/

10. „Мапа и индекс на транс правата во Европа“ на TGEU http://tgeu.org/trans-rights-europemap-2015/

11. Видео: 34 европски земји прават овој кошмар да биде реалност ("34 Countries in Europe Make This Nightmare a Reality"). Ова видео ги прикажува условите кои транс луѓето мора да ги исполнат за да го променат своето име и ознаката за пол во повеќето европски земји. https://www.youtube.com/watch?v=OZlpyDeu4jY

12. Мониторинг на убиствата на транс луѓе (TMM) е потпроект на истражувачкиот проект Transrespect vs Transphobia Worldwide, кој систематски ги собира, проследува и анализира пријавените убиства на родово варијантните/транс луѓето насекаде низ светот: http://transrespect.org/en/research/trans-murder-monitoring/

13. Да се биде транс во Европската Унија, компаративна анализа на ЛГБТ истражувањето на Агенцијата за фундаментални права на ЕУ (2014) http://fra.europa.eu/sites/default/files/fra2014-being-trans-eu-comparative-0_en.pdf

14. Advocate (2014) http://www.advocate.com/politics/transgender/2014/05/29/laverne-cox-andtransgender-tipping-point-cover-time

15. American Press Institute (2015) https://www.americanpressinstitute.org/need-to-know/shareable/the-washington-post-changes-its-style-to-allow-singular-they/

16. New York Times (2015) http://publiceditor.blogs.nytimes.com/2015/02/11/the-times-and-transgender-issues-part-one-of-two-on-pronouns/

17. Huffington Post (2015) http://www.huffingtonpost.co.uk/2015/12/27/sarah-brown-transgender-couple-councillor-polygamous_n_8881136.html?utm_hp_ref=transbritain

18. Huffington Post (2015) http://www.huffingtonpost.co.uk/2015/12/15/transgender-fox-fisher-trans-media-watch-my-transexual-summer_n_8690190.html?utm_hp_ref=transbritain

19. Huffington Post (2015) http://www.huffingtonpost.com/christian-piatt/meet-caitlyn-formerly-bru_b_7486132.html

20. The Mirror (2015) http://www.mirror.co.uk/ news/real-life-stories/boy-starts-hormone-treatmenttwelve-1981022

21. Times of Malta (2015) http://www.timesofmalta.com/articles/view/20150420/local/-first-transgender-elected-is-tired-but-upbeat.564667

22. Vice, Broadly (2015) https://broadly.vice.com/en_us/article/what-its-like-to-be-a-trans-activist-inthe-most-liberal-country-on-earth

23. The Guardian (2015) http://www.theguardian.com/tv-and-radio/2015-dec/17/trans-tv-from-transparent-to-boy-meets-girl-and-eastenders-this-was-ayear-in-transition

24. The Guardian (2015) http://www.theguardian.com/news/audio/2015/dec/07/transgender-russia

25. Забелешка на преведувачот: Транс Трансзаедницата во Македонија ги нема усвоено формите „тие/нив“ како директен еквивалент на англиските "them/they". Има простор во иднина да се воведат тие или нивни алтернативи. Тоа секако зависи од потребите на заедницата.

26. Забелешка на преведувачот: Слично како и со заменките од фуснотата бр. 25, во македонскиот јазик нема усвоено родово неутрален назив. Има простор во иднина да се воведе, но тоа секако зависи од потребите на заедницата.

27. Во моментот на преведување на оваа публикација (2019), трансродовоста повеќе не е на листата на ментални растројства на Светската здравствена организација. Оваа состојба доби свој посебен дел во областа на сексуалното здравје, со цел да се овозможи понатамошно давање на потребните здравствени услуги. Се очекува конечно усвојување и понатамошно спроведување на оваа промена во здравствените системи на поединечните држави.

28. Од 2008 до 2018 година бројот на убиени транс лица изнесува 2.982.

Transgender Europe
Kiefholzstr, 2
12435 Berlin
Germany
www.tgeu.org

Оваа публикација во оригинал беше напишана со финансиска поддршка на Програмата за права, еднаквост и државјанство на Европската Унија. Содржината на овој документ е одговорност единствено на Transgender Europe и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува ставовите на Европската комисија.

Овој документ беше напишан со голема внимателност, но не тврдиме дека е комплетен. Добредојдени се вашите повратни информации, забелешки, прашања или сугестии за негово подобрување, кои можете да ги пратите на mina@tgeu.org.

За да се приклучите на листата за медиуми, пратете е-порака на:
transformamk@gmail.com
koalicijaszpmz@gmail.com

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Коалиција МАРГИНИ